МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Септември 2012

БРОЈ 134

Ќе се развиваат седум предлог проекти

На 20 септември 2012 година се одржа третата форумска сесија во општина Желино. Во просториите на ОУ „Луиќ Гуракуќи" во с. Желино, осумдесетина граѓани разговараа за концептите што ги подготвија работните групи: Изградба на втора фаза на ОУ "Пашко Васа" во село Копачиндол; Опремување со основен инвентар на училиштата во о. Желино; Доградба и опремување на библиотека и кабинет за информатика во ОУ „Луиќ Гуракуќи" во село Желино; Изградба на спортски терени во три ОУ во с. Групчин, с. Чифлик и с. Дебрце и Поставување на пристапни рампи за децата со посебни потреби.

Дискусијата за овие концепти поттикна двајца граѓани да истакнат уште два предлога за развивање на предлог проекти и тоа за изградба на ОУ во село Новосело и за изградба на ОУ во село Мерово. Сите предлози ја добија поддршката на форумот и ќе бидат доработени како предлог проекти.

„Трет пат сум на форумска сесија и доаѓам со задоволство затоа што овде имаме можност слободно да се изразуваме и да предлагаме решенија," рече Неим Усеини, од с. Желино. За Себинас Авдиу, од с. Дебрце, оваа сесија беше прва средба со форумскиот процес. „Секоја чест на организаторите, за прв пат видов една средина каде сите разговараа за секој проблем. Посебно ми се допаднаа презентациите каде што видов дека е вложен сериозен напор, соодветена селекција на темите за концепти", рече тој.

Пред крајот на сесијата беа формирани работни групи за развивање на концептите во предлог проекти. Следната форумска сесија ќе се одржи на 9 октомври 2012 година.



ЗЗФ, економските активности и организациите од јавен интерес



На граѓанските организации им требаат прирачници за економски активности

За да се придонесе кон подобрена одржливост на граѓанскиот сектор преку примена на новините кои ги донесе Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) беа организирани три информативни настани во периодот 18-20 септември 2012 г. во Струмица, Битола и Гостивар. Емина Нурединоска ги презентираше меѓународните практики и националното законодавство, пред сè ЗЗФ, во однос на практикувањето економски активности и примената на статус на организации од јавен интерес. Четириесетина граѓански организации расправајќи за можностите што ги нуди ЗЗФ, ги идентификуваа и предизвиците со кои се соочуваат при нивната примена.

Најголем предизвик е неусогласеното толкување на дел од одредбите од различни институции. Граѓанските организации не се доволно упатени за можностите и обврските кои произлегуваат од занимавањето со економските активности, како во однос на даночните закони, така и во однос на сметководствените правила, ангажираниот персонал и сл. Во однос на статусот на организации од јавен интерес беше констатирано дека во моментот не нуди особени придобивки за граѓанските организации, што е една од причините за малиот интерес за негово добивање. Друга причина е малата информираност за процедурите за добивање на статусот на ОЈИ.

Присутните граѓански организации препорачаа да се подготват прирачници за економски активности и организации од јавен интерес, како и информативни настани и обуки и за вработените во државните институции, пред сè Централниот регистер на Република Македонија и Управата за јавни приходи, како и за сметководителите на граѓанските организации.

Настаните беа организирани во рамките на проектот „Овозможувачка правна рамка", спроведуван од МЦМС и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), а финансиски поддржан од МЦМС и УСАИД.

Политичката криза треба да се реши во институциите

МЦМС и Институтот за демократија (ИДСЦС) спроведоа истражување со кое беа мерени перцепциите и ставовите на граѓаните во врска со актуелни аспекти на политичката криза, поклонувањето пред споменикот на ОНА во Слупчане и потребата од извинување. Потребата од истражувањето се наметна со отворањето на јавната дебата за овие случувања. Истражувањето треба да овозможи во неа да се внесат емпириски податоци со што ќе се помогне аргументирано да се оценат општествените случувања во земјата.

Истражувањето покажа дека мнозинство од испитаниците (58%) сметаат дека поклонувањето на споменикот на ОНА во Слупчане, од страна на Министерот за одбрана Фатмир Бесими, не придонесува кон помирувањето во земјата. Гледано низ призмата на етничка припадност процентите се поизразени. Вкупно 74% од испитаниците етнички Македонци сметаат дека постапката на министерот не придонесува кон помирување, за разлика од 80% од испитаниците етнички Албанци кои сметаат дека оваа постапка придонесува кон помирување.

На прашањето дали министерот треба да се извини за постапката, резултатите се слични како на претходното прашање. Вкупно 60% од испитаниците сметаат дека има потреба од извинување, а 29% сметаат дека нема потреба. Скоро осум од секои десет испитани етнички Македонци (78%) сметаат дека министерот треба да се извини. Кај етничките Албанци се забележува обратното, односно осум од десет испитаници (83%) сметаат дека министерот не треба да се извини.

Согласност меѓу испитаниците етнички Македонци (51%) и етнички Албанци (48%) постои за тоа дека кризата во владината коалиција треба да се надмине низ институциите. Вкупно гледано, мало малцинство од испитаниците (15%) смета дека се потребни предвремени парламентарни избори, а во слична мера (13%) е застапено и мислењето дека кризата може да се разреши со нова Влада без ВМРО-ДПМНЕ. Еден од секои десет испитани граѓани (10%) се изјаснил дека не постои криза.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета од страна на ИДСЦС од 14 до 17 септември 2012 г. на репрезентативен примерок од 1.100 испитаници со ± 3 % грешка.

Граѓаните им дадоа поддршка на сите пет концепти во Делчево

Граѓаните на Делчево на 14 септември 2012 година, во спомен домот АСНОМ ја одржаа третата по ред форумска сесија. Се разговараше за пет концепти и тоа: Изградба и уредување на јавни површини, Расчистување на диви депонии во градот и неговата околина, Уредување на излетнички и туристички места, Пешачки мост преку реката Брегалница и Зачувување на рибниот фонд преку изградба на рибји патеки на р.Брегалница.

Интересот и овој пат беше голем. Презентациите на концептите ги слушаа и за нив дискутираа 132 граѓани и гости на форумот.

„Фактот што во оваа фаза се пристапува кон дефинирање на концепти за дел од она што веќе е посочено како можно решение од страна на граѓаните, е токму она што ги прави овие форумски сесии важни и интересни за сите нас кои сме жители на градот Делчево" рече Љупчо Петровски. За Здравко Мирчевски пак, ова е добар знак дека „на крајот, оној проект кој навистина ќе биде важен за самите граѓани на Делчево, ќе биде и реализиран".

На оваа сесија на граѓаните им беа презентирани критериумите според кои ќе се прави избор на проектите на последната форумска сесија, а беше разгледан и форматот според кој работните групи ќе ги развиваат концептите во предлог-проекти.

На крајот на форумската сесија беа дооформени работните групи за развивање на предлог проектите и граѓаните беа информирани дека следната форумска форумска сесија ќе се одржи на четврти октомври 2012 г.



Јавната размена на мислења е услов за зрелост на општината

На 19 септември 2012 година, со одржувањето на првата сесија започна буџетскиот форумски процес во општина Аеродром. На сесијата присуствуваа 150 граѓани на општината и гости.

„МЦМС и општина Аеродром по втор пат заедно ќе спроведуваат форуми во заедницата", рече Димче Митрески, извршен директор на МЦМС. „Граѓаните ќе бидат со процесот на креирање на буџетот и ќе можат да даваат свои препораки за буџетот на општината за 2013 година." Борче Христов, раководител на Одделението за буџетска координација во општина Аеродром им порача на граѓаните дека секоја идеја ќе биде сериозно сфатена и разгледана зошто општината постои за граѓаните.

Граѓаните ја разгледаа структурата на буџетот, дискутираа за реализацијата на стратешкиот развоен план и приоритетите за развој на општината за 2013 година и дадоа 22 предлози за новиот буџет. На посебна работилница, општинската администрација заедно со преставници од граѓаните ќе ги разгледа можностите за вклучување на овие предлози како приоритети за развој на општина Аеродром за 2013 г.



Граѓаните очекуваат транспарентен форумски процес

„Пресрекни сме што имаме шанса да направиме соработка со општината бидејќи се работи за една од најпрогресивните општини. Транспаретноста е процес кој води кон демократизација на едно општество и без јавна размена на мислења не може да се стекне зрелост. Како здружение сакаме да реализираме проект и за почеток да направиме едно пилот училиште за деца со посебни потреби и ретки болести", рече Ребека Јанкоска-Ристевски, претседател на Здружение „Дајте ни крилја".

Беше направена структурата на форумот и утврдени правилата по кои ќе се работи. Втората форумска сесија е закажана за 10 октомври 2012 година.

Граѓаните најдобро ги знаат проблемите

На 27 септември 2012 година, со одржувањето на првата форумска сесија, започна меѓуопштинскиот форум на општините Василево и Босилово. Салата на мотелот „Мис Стон" ја исполнија 175 граѓани и гости. На граѓаните им се обратија Димче Митрески - извршен директор на МЦМС и градоначалниците на Босилово и Василево, Љупчо Колев и Ванчо Стојанов. „За првпат организираме Форуми на заедници и нашите општини, но се надевам дека нема да биде и последен. Овде сме да го слушнеме гласот на граѓаните и заедно да го избереме оној проект што ќе го предложат жителите на Василево и Босилово", рече во своето обраќање Ванчо Стојанов, градоначалникот на Василево. Градоначалникот на Босилово, Љупчо Колев истакна дека тие имаат претходно искуство во ваков процес и додаде дека граѓаните најдобро ги знаат проблемите кои ги тиштат и дека имаат капацитет да се вклучат во еден таков официјален форум.

Темата „Водоснабдување и отпадни води" за која граѓаните во иднина ќе дебатираат односно ќе идентификуваат проблеми и ќе нудат решенија, ја образложи Лилјана Соларова, претседател на Советот на општина Василево.

„Ова е одлична можност ние граѓаните да донесеме одлуки како да се решат проблемите, посебно од областа на Водоснабдувањето и отпадните води", рече Велика Ѓоргиевска, учесничка на форумот. „Ова е проблем не само за нашето село нашата општина ова е проблем и за жителите од општина Босилово кои граничат со нашата општина. Убедена сум дека ќе го најдеме вистинските решенија како да се надминат проблемите со кои се соочуваме, немање вода, канализации, филтер станици , неисчистени канали за одводнување итн."



Ќе се надминуваат проблемите во водоснабдувањето и отпадните води

На оваа форумска сесија беше воспоставена и структурата на форумот и беа презентирани правилата за работа. На крај, беше формирана работна група која ќе работи на анализата на темата. Следната форумска сесија ќе се одржи на 18 октомври 2012 година во ОУ Гоце Делчев во општина Босилово.